# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЕКОНОМИКА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2102-424/4 од 24.10.2018 година донесена на 194. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 24.10.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за наставно-научната област *претприемништво и економика на претпријатија* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 15.10.2018 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марија Магдинчева-Шопова** е родена на 28 март 1972 година во Гевгелија, каде што завршува основно образование. Средно образование завршува во гимназијата „Јосиф Јосифовски” во Гевгелија, на економска насока во 1988/1989 година и со завршување на истото се здобива со стручни квалификации на економски техничар. Натамошното образование го продолжува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” на Економскиот факултет во Скопје, каде што се запишува во учебната 1989/1990 година на насока Надворешна трговија и маркетинг. Во 1994 година го оформува високото образование и се стекнува со стручен назив дипломиран економист, VII/2 степен.

Постдипломските студии ги запишува исто така на Економскиот факултет во Скопје на насока Менаџмент, а со успешна одбрана на магистерскиот труд со наслов „*Начини за започнување со мал бизнис”* на јавно закажаната одбрана на 30.4.2008 година се стекнува со научен академски степен магистер по економски науки од областа на МБА-менаџмент. Веднаш по завршувањето на постдипломските студии на Економскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” пријавува докторска дисертација на тема „*Организациска култура кај мали претпријатија”* и со успешна одбрана на истата на 16.9.2011 година се стекнува со научен академски степен доктор по економски науки.

По завршувањето на високото образование кандидатката работи како референт за посредување во транспорт и шпедиција и наплата на побарувања во мешовитото претпријатие за меѓународен транспорт и шпедиција „ЕГЗИТ“ – Скопје, а од 1996 година го менува работното место и работи како директор на Стоковната куќа „ТИПО-ГВ“ во Гевгелија. Од 1999 година работи во Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија, на работно место раководител на Филијала Гевгелија, а од 2002 година како контролор по наплата на придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Од 2006 година до 1.11.2012 година работи како раководител во Фонд на ПИОМ-Филијала Гевгелија.

Паралелно со образованието и работата посетува повеќе стручни обуки, меѓу кои: обуката за практично извршување на сметководството, обука за стекнување на знаења и вештини за работа како медијатор спроведена од страна на Владата на холандија, обуки од областа на пензиското и инвалидско осигурување и раководење со човечки ресурси.

Во периодот од 2006 до 2011 година врз основа на решение на Основниот суд во Гевгелија кандидатката била именувана за проценител и вешто лице со општи овластувања од областа на економско-финансиското работење за подрачјето на Основниот суд Гевгелија, а од 2008 година и за подрачјето на Основниот суд Велес. Кандидатката била

заменик-член на Комисијата за полагање на стручен испит за вештак од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење и раководител на координативно тело на медијатори на Општина Гевгелија.

Во согласност со Законот за вештачење, кандидатката е евидентирана во Регистарот на вешти лица од областа на материјалното, сметководствено и финансиско работење врз основа на лиценца број 07-2306/1 од 15.6.2011 година за вештачење од областа на материјалното, сметководствено и финансиско работење, издадено од Министерството за правда, и ажурирана во 2017 година -лиценца број 08-792/2 од 30.11.2017 г.

Кандидатката поседува уверение за овластен сметководител број 0103168 од 1.11.2016 година издадено од Институтот на сметководители и овластени сметководители и е евидентирана во регистарот на овластени сметководители.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област во која се избира

Кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова, доцент од научната област претприемништво, е избрана за доцент врз основа на Одлука бр. 2602-501/10 од 15.4.2014 година на 111. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика. Рефератот за избор во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област претприемништво е објавен во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, број 121 од 15.4.2014 година, стр. 12-15.

2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јошески Душко, Котески Цане и **Магдинчева-Шопова Марија** | Tobin’s q Q and R&D investment in CESEE countries | CEA Journal of Economics, 10 (1) pp. 81-98. ISSN 1857-5250, 2015 | 12 |
| 2. | **Магдинчева-Шопова Марија**, Постолов Кирил и Ангелкова Тања | The impact of corporate entrepreneurship on growth of the competitiveness of enterprises | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, 18 (1-2)/2016, pp. 211-222. ISSN 1857-7741 | 19 |
| 3. | **Магдинчева-Шопова Марија**, Ангелкова Тања и Темелков Зоран | *The impact of small and medium sized enterprises (SMS) in the development of sports tourism in the municipality of Dojran, Republic of Macedonia* | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2016). pp. 354-365. ISSN 1857-7741 | 19 |
| 4. | Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија** и Јанеска-Илиев Александра | *E-Learning in the hands of generation Y and Z.*Business excellence | Business excellence ISSN1846-3355 pp.107-121,11,(2)2017 | 11 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија** и Ристовска Андријана | *Parameters of organizational structure in enterprises in the Republic of Macedonia–specifics and opportunities for their optimization* | Magazine for economic theory and practice matters,Economic outlook, Vol.20.br.1, стр.27-41, ISSN 1450-7951, 2018 | 8 |

3. Или три научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бошков Татјана и **Магдинчева-Шопова Марија** | Building Companies Profit: SIS and Strategic Management Perspectives | IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (3). pp. 149-155. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online),2018 | Indexed in EBSCO Index Copernicus Impact Factor (SJIF) 3,91 Impact Factor (UIF) 4,8 |
| 2 | Димитров Никола, **Магдинчева-Шопова Марија** и Јошески Душко | *Role of the modern entrepreneurship in the development of the health tourism in Republic of Macedonia.* | International Journal of Business and Management Invention (IJBMI), 5 (10). pp. 102-106. ISSN 2319-8028, (Print): 2319-801X,2016 | Indexed in EBSCO Index Copernicus Impact Factor (SJIF) 3,91 Impact Factor (UIF) 4,8 |
| 3 | Бошков Татјана и **Магдинчева-Шопова Марија** | *SMEs Empowerment Through International Aspirations.* | SocioBrains, International scientific,5(43), pp.376-382,ISSN 2367-5721 | Impact Factor 2016 (SJIF) 4,922 Impact Factor 201 (SIS) 0.932 Impact Factor 2015 (ESJI) 0.741 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Врз основа на објавениот Конкурс за избор на еден соработник во наставно-научна област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев”-Штип, од 25.8.2012 година и Одлуката од 2.11.2012 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова е избрана за соработник во соработничко звање асистент за научната област *претприемништво* на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Рефератот од Рецензентската комисија за изборот е објавен во Универзитетскиот билтен бр.90 од 15.10.2012 година.

Врз основа на Одлуката за избор на наставник во наставно-научно звање-доцент бр. 2602-501/10 од 16.4.2014 г., донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, а по претходно објавениот Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *препариемништво* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип од 25.12.2013 година, кандидатката е избрана за универзитетски доцент за наставно-научната област *претприемништво*. Рефератот од Рецензентската комисија за изборот е објавен во Универзитетскиот билтен бр.90 од 15.10.2012 година.

Врз основа на Одлуката број 2102-479/7 од 2.10.2015 година, донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова е назначена за раководител на Наставен центар Гевгелија, на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Во текот на работа на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, врз основа на одлуки за ангажман, како соработник и универзитетски доцент, во периодот од учебната 2012/2013 г. до учебната 2018/2019 г., кандидатката е ангажирана во настава на повеќе наставни предмети на прв циклус студии, во периодот од учебната 2015/2016 г. до учебната 2018/2019 г. на втор циклус студии и на трет циклус студии во учебната 2018/2019 година. Врз основа на решение за акредитација, кандидатката е ментор за втор циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика и на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Во ангажманот како соработник кандидатката успешно ги изведува вежбите по предметите Претприемништво, Организациско однесување, Менаџмент на мали и средни бизниси, Основи на економика, Надворешно трговско и девизно работење, Финансиски менаџмент, Меѓународен транспорт и шпедиција, Меѓународна трговија и Финансиски инвестиционен менаџмент на студиската програма Бизнис логистика во Гевгелија и во Скопје и студиската програма Туризам во Гевгелија.

Врз основа на одлуки за ангажирање на наставници и соработници на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД, за периодот од 2014 до 2018 г., за зимски и летен семестар, во ангажманот како унверзитетски доцент од учебната 2014/2015 г. и тековно-учебната 2018/2019 година, кандидатката реализирала настава на студиските програми Бизнис логистика, Бизнис администрација, Туризам, Хотелско-ресторанска насока и Гастрономија, исхрана и диететика во Гевгелија, Скопје и во Штип.

На студиските програми Бизнис логистика, Бизнис администрација во Скопје и во Гевгелија, кандидатката била ангажирана за реализација на настава за следниве предмети: Претприемништво, Економика на претпријатија, Основи на економија, Сметководство, Финансиски инвестиционен менаџмент, Меѓународна трговија, Статистички методи, Меѓународен бизнис, Пракса во бизнис компании и Симулација за донесување одлуки, на насоките Туризам, Хотелско-ресторанска насока и Гастрономија, исхрана и диететика во Скопје, Штип и во Гевгелија за предметите Претприемништво, Сметководство и Менаџмент на мал бизнис. Во истиот период, кандидатката активно учествува како член на комисија за реализирање на наставата по предметите: Менаџмент на човечки ресурси, Менаџмент на мали и средни бизниси, Управување со ризик, Макро и микро економија, Економика во јавен сектор и Социјална економија, а под менторство на кандидатката е реализирана наставата за предметите Мултилатерална трговска регулатива и Договори во стоков промет.

Врз основа на одлуки за ментор на дипломски работи за прв циклус студии, за периодот од 2014 до 2018 година, под менторство на кандидатката завршниот испит успешно го одбраниле 70 студенти. Врз основа на одлуки за формирање на Комисија за завршен испит, кандидатката била член на Комисија за јавна одбрана на завршен испит кај 30 студенти, а претседател на Комисија кај 25 студенти.

На втор циклус студии, а врз основа на одлуки за ангажман за зимски и летен семестар од 2015 година до 2017/2018 година на студиската програма Бизнис логистика, кандидатката е ангажирана за реализирање на настава за предметите Меѓународен платен промет, Стратегиски менаџмент во бизнис логистиката, Оперативен менаџмент за конкурентна предност и Деловна етика и одлучување. Кандидатката била член на Комисија за јавна одбрана на магистерски труд.

На трет циклус студии, со одлуки за ангажман за зимски и летен семестар за учебната 2017/2018 година на студиската програма Туризам и угостителство, кандидатката е ангажирана за реализација на настава по предметот Претприемништво во туризмот.

Кандидатката има добиено позитивна оцена од евалуација спроведена од страна на студентите.

За потребите на наставата на Факултет за туризам и бизнис логистика, кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова ги има издадено следниве позитивно рецензирани скрипти и практикум:

1. Магдинчева-Шопова Марија (2017), Современо претприемништво, скрипта, ISBN 978-608-244-458-1;

2. Магдинчева-Шопова Марија (2017), Современо претприемништво, практикум, ISBN 978-608-244-459-1;
3. Митрева Елизабета и Магдинчева-Шопова Марија (2014), Маркетинг на пазарот, ISBN 978-608-244-007-1;
4. Петревска Билјана и Магдинчева-Шопова Марија (2018), Економика на претпријатие (скрипта за интерна употреба).

За време на меѓуизборниот период, кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова паралелно со реализирањето на наставната дејност евидентно е дека остварува плодна научноистражувачка дејност, како автор или коавтор на научни или стручни наслови кои се публикувани во реномирани меѓународни списанија. Во периодот од 2013 до 2018 година, кандидатката има публикувано вкупно 69 наслови од кои 31 наслов се публикувани научно-стручни трудови, објавени во реномирани меѓународни списанија, 26 наслови се презентирани на меѓународни конференции, а 12 наслови се категоризирани како позитивно рецензирани публикации. Кандидатката била координатор на два научноистражувачи проекти и учесник во еден универзитетски проект. Во периодот до 2013 г. (изборот за доцент), кандидатката има публикувано 11 наслови.

Публикациите, трудовите и насловите кои кандидатката ги има публикувано и за кое е направена евалуација се прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и до нив се пристапува преку следниот линк: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Magdinceva_Sopova=3AMarija=

***Во меѓуизборниот период, кандидатката е автор на следните научни трудови објевени во меѓународни списанија:***

5. **Магдинчева-Шопова Марија** (2018), Димитров Никола, Душко Јошески, Еленов Ристе и Стојановска-Стефанова Анета: *Innovative management concept as possibility for development of tourism in the Republic of Macedonia* “Knowledge in Practice”, 26 (1). pp. 83-89. ISSN 2545 4439

Во трудот се анализира влијанието на иновативниот менаџмент во развојот на претпријатијата во областа на туризмот во Југоисточниот регион на Република Македонија. Целта на овој труд е да го согледа значењето и влијанието на современиот-иновативен менаџмент за развојот на претпријатијата во областа на туризмот во Југоисточниот регион на Република Македонија, како и истакнување на потребата од примената на современ методолошки пристап во креирањето на потребните менаџмент одлуки.

6. Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија** и Ристовска Андријана, (2018), *Parameters of organizational structure in enterprises in the Republic of Macedonia–specifics and opportunities for their optimization,* Економски погледи, Косовска Митровица, Vol.20. br.1, стр.27-41, ISSN 1450-7951

Во трудот е даден приказ на поврзаноста помеѓу одредени параметри од организациската структура кај претпријатијата во Република Македонија и направена е споредба со објаснувањата во теоријата за организација на претпријатијата. Практично, истражувањето е насочено кон тоа како претпријатијата во денешни услови се справуваат со организација на работата, применетиот модел на организациски дизајн, распонот на контрола, системот на донесување на одлуки и подготвеноста да се направат организациски промени.

7. Бошков Татјана и **Магдинчева-Шопова Марија** (2018), *SMEs Empowerment Through International Aspirations*. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor, 5 (43). pp. 376-382. ISSN 2367-5721

Истражувањето во овој труд е насочено кон согледување на предизвиците за развој на малите и средни претпријатија, како што се намалувањето на трговските бариери, намалувањето на транспортните и комуникациските трошоци. Наведените предизвици добиваат на приоритет, бидејќи присутен е тренд на брза промена на побарувачката што од друга страна бара од малите и средни претпријатија да креираат финални производи со зголемена вредност.

8.**Магдинчева-Шопова Марија**, Петроска-Ангеловска Неда и Марија Таковска (2018), Macedionian International Journal of Marketing-Marketing, ISSN-1857-9787, pp-56-63

Во рамките на теоретски пристап во овој труд е даден приказ на карактеристиките на класичниот концепт на маркетинг и дигиталниот концепт на маркетинг, како и можностите за финансирање на иновативните маркетинг активности кај малите претпријатија во секторот туризам. Преку опсеравациите добиени од спроведеното практично истражување согледано е однесувањето на претпријатијата и можностите за имплементирање на дигитална технолигија во работењето на претпријатијата, менаџирањето со маркетинг концептот и воведувањето на иновативни маркетинг алатки за промовирање на бизнис активностите.

9. **Магдинчева-Шопова Марија**, Петроска-Ангеловска Неда и Таковска Марија (2018), Possibilities for financing Small and Medium Enterprises in the field of rural tourism in Southeastern region of the Republic of Macedonia, Knowledge – International Journal, 22 (1). pp. 229-235. ISSN 2545-4439

Целта на овој труд е да ги идентификува изворите и можните начини за финансирање на малите и средни претпријатија, кои работат во областа на руралниот туризам во Југоисточниот регион на Република Македонија. Теоретското истражување упатува на потребата од примената на одредени техники и алатки во процесот на финансиско одлучување. Инвестирањето во времето и ресурсите и развивање добра стратегија во голема мера помага во зајакнувањето на севкупните капацитети на овој тип претпријатија.

10. **Магдинчева-Шопова Марија** и Бошков Татјана (2018), *The Role of Management In Conflict Solving Situations In Enterprises*. Knowledge – International Journal, 22 (1). pp. 153-160. ISSN 2545-4439

Во рамките на овој труд е даден теоретски приказ и дефинирање на тоа што претставува конфликтот, видовите конфликти во претпријатијата и можните начини за надминување на истите. Во рамки на трудот се објаснети факторите кои генерираат конфликти во претпријатието. Тие може да го намалат или дефокусираат менаџментот и вработените во реализација на стратегијата на работење и остварување на целите. Во заклучокот од трудот се согледани размислувањата и ставовите на вработените за улогата на менаџерот во создавањето, препознавањето и менаџирањето со конфликтните ситуации.

11. Петроска Ангеловска Неда, Таковска Марија и **Магдинчева-Шопова Марија** (2018), *Possibilities for project financing of non-government sector in the Republic of Macedonia*. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 23.1. pp. 247-254. ISSN 2545-4439

Целта на овој труд е да ги идентификува изворите за проектно финансирање на невладиниот сектор, кои најчесто се користат во Република Македонија и да се потенцира неопходноста од некои техники и алатки за да донесат вистински финансиски одлуки. Во тој контекст, во трудот се третирани теоретски и емпириски прашања. Податоците за емпириското истражување се од различни релевантни извори. Заклучоците се однесуваат на проектното финансирање на невладиниот сектор и се во насока на подобрување на нивниот обем и структура.

12. **Магдинчева-Шопова Марија**, Петроска-Ангеловска Неда и Таковска Марија (2018), *Rural tourism development in south-east region of the Republic of Macedonia and its financial support*. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (1-2). pp. 149-159. ISSN 1857-7741

Основната цел на овој труд е согледување  на основните карактеристики на руралниот туризам и неговото значење за развојот на Југоисточниот регион во Република Македонија, преку согледување на можните начини за финансиска поддршка. Спроведеното истражување ја потврдува основната хипотеза, а тоа е дека малите претпријатија претставуваат основа за развојот на руралниот туризам и фактот дека претприемачите не се доволно информирани за можностите за финансирање на „руралните бизниси" од домашни извори на финансирање и извори од европските фондови.

13. Бошков Татјана и **Магдинчева-Шопова Марија** (2018), *Building Companies Profit: SIS and Strategic Management Perspectives*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (3). pp. 149-155. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)

Една од клучните бизнис активности е процесот на стратегискиот информациски систем кај претпријатијата. Примената на овој современ систем на работење овозможува

претпријатијата ефективно да учествуваат на глобалниот пазар во ерата на е-бизнис. Теоретскиот и практичниот аспект на овој труд упатува на тоа дека успешен бизнис значи квалитетен стратегиски менаџмент.

14. **Магдинчева-Шопова Марија** и Стојановска-Стефанова Анета (2017), *Possibilities and perspectives for the development of social entrepreneurship - case study of Republic of Macedonia*. International Journal "Knowledge in Practice", 20 (3). pp. 1329-1334. ISSN 2545 4439

Социјалното претприемништво претставува нов современ пристап за решавање на социјалните проблеми преку кој се овозможува решавање на општествено корисни прашања и градење основи за одржлив развој на општеството. Претпријатија кои извршуваат одредена социјална мисија имаат за цел создавање на економски и социјални вредности преку извршување на забележливи социјални и економски промени во општеството. Во рамките на овој труд е даден теоретски приказ и дефинирање на термините социјално претприемништво, социјално претпријатие и социјален претприемач од различни аспекти.

15.Стојановска-Стефанова Анета и **Магдинчева-Шопова Марија** (2017), *The international society and the development of global political culture*. International Journal "Knowledge in practice", 20 (3). pp. 1407-1414. ISSN 2545-4439

Во овој труд е даден теоретски осврт на поимите меѓународно општество, на државата како субјект на меѓународното право и на политичка култура. Во политичката теорија не постои едногласност околу дефинирањето на поимот политика. Политиката најопшто може да се дефинира како остварување на одредени идеи суштествени за една заедница. Тоа се, пред сè, идеите за општото добро, правдата и општата корисност. Квалитетот на практицирањето на политичката култура е тесно поврзан со демократскиот развој на една држава.

16. **Магдинчева-Шопова Марија**, Постолов Кирил и Савиќ Симона (2017), *Жената како претприемач во туризмот*. Зборник на трудови од Втората меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката", 27 мај 2017, Штип. pp. 65-76. ISSN ISBN 978-608-244-444-4

Согледувајќи ја важноста која денес им се придава на жените претприемачи во секторот на малиот бизнис, во рамки на трудот подетално е разработен аспектот на застепноста и влијанието на жените во туризмот, улогата како и предности во водењето на бизнисот. Целта на ваквата разработка е да се прикаже важната улога која ја имаат жените во деловниот свет, па преку тоа на некој начин да се срушат верувањата дека жените не се предодедени за водење бизнис.

17. Димитров Никола, **Магдинчева-Шопова Марија** и Цуклева-Анастасовска Јованка, (2017) *Иновативни идеи за развој на туризмот во Југоисточниот регион на Република Македонија*. Зборник на турудови од Втората меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката", 27 мај 2017, Штип. pp.169-178ISSN ISBN 978-608-244-444-4

Основниот научен придонес на овој труд се состои во истакнување на важноста на предусловите за формирање на оригинална туристичка понуда, како основен фактор за развој на туризмот. Со цел привлекување на поголем број туристи преку кои ќе се поттикне развојот на туризмот во овој регион, потребна е примена на соодветен иновативен пристап во креирањето на понудата и приспособување на дејноста на работа на малите претпријатија во областа на туризмот.

18.Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија** и Јанеска-Илиев Александра (2017), *E-Learning in the hands of generation Y and Z*.Business excellence ISSN 1846-3355

Овој труд се фокусира на објаснување на основните карактеристики на генерациите кои моментално ја сочинуваат работната сила односно пазарот на труд, генерацијата Y и идната генерација Z како генерации кои се пораснати со технологијата и интернетот. Брзиот развој на технологијата предизвикува развој на соодветни е-платформи и апликации.

19. Јошески Душко ,**Магдинчева-Шопова Марија** и Вегова Убавка (2017), *Co-Determination of Labor and Competitiveness: Evidence From Sample of Small Firms From R. Macedonia*. Balkan and Near Eastern Journal of Social Sciences, 3 (3). pp. 79-87. ISSN 2149-9314

Во овој труд е дадено објаснување на кодетерминацијата и конкурентноста на малите претпријатија. Истражувањето е спроведено кај 54 мали претпријатија кои вработуваат до 50 вработени од Р.Македонија. Преку добиените резултати од спроведеното истражување се потврдува поставената хипотеза дека учеството на вработените во процесот на донесување одлуки е позитивно поврзано со конкурентноста на малите фирми.

20. Пулевска-Ивановска Лидија, Постолов Кирил, Јанеска-Илиев Александра и **Магдинчева-Шопова Марија** (2017), *Establishing balance between professional and private life of generation Z*. Research in Physical Education, Sport and Health, Vol. 6 (1). pp. 3-10. ISSN 1857-8152

Цел на истражување во овој труд е да се согледа важноста и значењето од постигнување на рамнотежа или усогласеност помеѓу професионалниот и приватниот живот на Генерацијата Z која е ориентирана кон е-учењето. Од голема важност за идните истражувања претставуваат добиените сознанија посебно имајќи предвид фактот дека генерацијата Z е генерација која е порасната со интернет мрежите, дигиталниот свет и технологијата.

21. **Магдинчева-Шопова Марија**, Постолов Кирил, Јанеска-Илиев Александра и Јошески Душко (2017), *The impact of small and medium sized enterprises in the development of health tourism in Macedonia*. Magazine for economic theory and practice matters, 19 (1). pp. 69-79. ISSN 1450-7951

Поврзаноста на туризмот и здравството се согледува преку факторите кои го иницираат развојот на здравствениот туризам и економските придобивки кои се јавуваат како излезни вредности од развојот на здравствениот туризам. Научниот придонес на овој труд се состои во потврдување на основната хипотеза дека развојот на здравствениот туризам во Република Македонија е во директна зависност од обезбедувањето на одредени предуслови. Еден од основните предуслови за развој на здравствениот туризам е постоењето на мали и средни претпријатија.

22.Димитров Никола, **Магдинчева-Шопова Марија** и Јошески Душко (2016), *Role of the modern entrepreneurship in the development of the health tourism in Republic of Macedonia*. International Journal of Business and Management Invention (IJBMI), 5 (10). pp. 102-106. ISSN 2319-8028, (Print): 2319-801X

Научната евалуација на овој труд е содржана во согледување на придонесот и важноста на современото претприемништво кај претпријатијата од областа на здравствениот туризамот со цел унапредување на нивното работење. Во применетиот дел од трудот спроведено е практично истражување со цел согледување на реалната состојба од аспект на подготвеноста на претпријатијата да ги понудат потребните здравствено-туристички услуги, видот на деловните активности, финансирањето и воведување на иновации. Врз основа на резултатите добиени од спроведеното истражување, предложен е современ концепт за развој на здравствениот туризам.

23.**Магдинчева-Шопова Марија**, Ангелкова Тања и Темелков Зоран (2016), *The impact of small and medium sized enterprises (SMS) in the development of sports tourism in the municipality of Dojran, Republic of Macedonia*. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2016). pp. 354-365. ISSN 1857-7741

Преку истражувањето спроведено во рамките на овој труд се потврдува основната хипотеза дека развојот на спортскиот туризам на подрачјето на Општина Дојран зависи од придонесот и влијанието на малите и средни претпријатија кои се реални создавачи на понудата во овој секотор. Спортскиот туризам претставува подрачје со висок потенцијал за раст и развој, бидејќи масовниот карактер и финансиските бенефити создаваат ефект на синергија во создавањето на оригинална понуда.

24. **Магдинчева-Шопова Марија**, Ангелкова Тања, Пулевска-Ивановска Лидија и Савиќ Симона (2016), *Application of the concept of modern entrepreneurship in the development of sports tourism in Macedonia*. International scientific conference Research in physical education, sport and health, Skopje. pp. 63-68. ISSN 978-9989-2850-6-6

Истражувањето во овој труд е фокусирано кон согледување на реалната состојба од аспект на подготвеноста на претпријатијата да ја креираат потребната понуда, преку откривање на начинот на организирање на деловните активности, финансирањето и

примената на концептот на современо претприемништво. Резултатите од спроведеното истражување укажуваат на неопходноста од застапеноста на претприемничката иницијатива кај претпријатијата од областа на туризмот со цел унапредување на нивното работење и придонес во развојот на спортскиот туризам.

25. Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија**, Пулевска-Ивановска Лидија, Ангелкова Тања и Јосимовски Сашо (2016), *Modern entrepreneurship as a factor for success in the operation of tourism enterprises*. CBU International Conference Proceedings, 4. 001-005. ISSN 978-80-88042-04-4

Придонесот на овој труд се состои во фактот дека современиот концепт на претприемништво претставува еден од основните фактори за ефикасно работење на претпријатијата. Знаењето и интелектуалниот капитал претставуваат критични ресурси за имплементирање на информатичка и комуникациска технологија како неопходност за координирање на операциите и бизнис процесите кај претпријатијата од областа на туризмот.

26. **Магдинчева-Шопова Марија**, Постолов Кирил и Ангелкова Тања (2016), *The impact of corporate entrepreneurship on growth of the competitiveness of entreprises*. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, 18 (1-2). pp. 211-222. ISSN 1857-7741

Предметот и целта на истражувањето се насочени кон согледување на влијанијата на корпоративното претприемништво во постигнување на конкурентска предност на претпријатијата. Корпоративно претприемништво создава услови за конкурентски настап на претпријатијата и постигнување на конкурентска позиција врз основа на способноста и знаењето на вработените, менаџментот или претприемачот. Врз основа на потврдените хипотези и добиените резултати, предложени се начини за интегрирање на современиот претприемнички процес со тековните процеси во претпријатијата.

27. Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија** и Ангелкова Тања (2016), *Stress management as a strategy for increasing efficiency of operations with a special emphasis on enterprises of the tourism sector of the Republic of Macedonia*. MEST Journal, 4 (2). pp. 148-155. ISSN 2334-7058

Новите начини на работа ја истакнуваат важноста на вработените како ресурс кој може да се менува и приспособува со цел зголемување на ефикасноста на работењето на претпријатијата. Теоретскиот и практичниот приод на овој труд го потврдува фактот дека стрес менаџментот како стратегија за зголемување на ефикасноста на работењето на претпријатијата од туристичкиот сектор во Република Македонија подразбира преземање на конкретни активности во определен временски период со цел идентификување на изворите на професионален стрес и намалување на стресот, а посебно идентификување на изворите кои предизвикуваат долготраен, хроничен стрес кај вработените.

28. Јошески Душко, Котски Цане и **Магдинчева-Шопова Марија** (2015), *Tobin's q Q and R&D investment in CESEE countries*.CEA Journal of Economics, 10 (1). pp. 81-98. ISSN 1857-5250

Предметот на истражување во овој труд е насочен кон согледување на соодносот на пазарната вредност (пазарната капитализација на котираните компании со исклучок на инвестициски компании и инвестициски фондови) и замена на вредноста на капиталот во примерокот-предмет на истражување (CESEE земјите).

29. Ацковска Марија, Петроска Ангеловска Неда и **Магдинчева-Шопова Марија** (2015), *Possibilities for development of agro-tourism and gastronomic tourism in the Republic of Macedonia*. Journal of the Institute of Economics - Skopje (3). ISSN 1857-7741

Агротуризмот и гастрономскиот туризам како алтернативни форми за развој на туризмот претставуваат можност за подобрување на перформансите и економски развој на руралните области. Во оваа насока е и потврдата за тоа дека агротуризмот и гастрономскиот туризам претставуваат можност за зголемување на приходите на фармерите преку различни форми на активности.

30. Јошески Душко, **Магдинчева-Шопова Марија** и Соврески Златко (2014), *Потрошња енергије, економски развој и цене: доказ са временске серие за CESEE земље*. Odrzlivi razvoj grada Pozarevca i energetskog kompleksa Kostolac - Zbornik Radova, 2014. pp. 96-105. ISSN 978-86-912929-3-7

Во овој труд се проценува причинско-последична врска помеѓу потрошувачката на енергија и приходите за земјите Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Македонија (CESEE - Централна, Источна и Југоисточна Европа), со користење коинтеграциски и техники за моделирање на корекцијата и отстапувањата од еквилибриум.

31. Јошески Душко, **Магдинчева-Шопова Марија** и Соврески Златко (2014), *Energy consumption, economic development and prices: Time series evidence in CESEE countries*. Comparative Political Economy: Regulation eJournal

Научната евалуација на овој труд се состои во потврдувањето на ставот дека односите на потрошувачката на енергија и приходите се неутрални. Ова значи дека во земјите Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Македонија (CESEE - Централна, Источна и Југоисточна Европа) постои простор за мерки за заштеда на енергијата.

32. Јошески Душко и **Магдинчева-Шопова Марија** (2014), The Open Access Publication Server of the ZBW – Leibniz Information Centre for Economics

Во овој труд е дадено објаснување на школата на Неокензијанците (Akerlof and Stiglitz припаѓаат во групата на Неокензијанци, кои не ја прифаќаат новата неокласична синтеза, односно динамички стохастички генерални рамнотесни модели-DSGE).

33. Постолов Кирил, Јосимовски Сашо, Пулевска-Ивановска Лидија и **Магдинчева-Шопова Марија** (2014), *Managing with organizational environments - strategy of e-business*. Economic Development, 16 (3). pp. 103-122. ISSN 1409-7893

Значењето на овој труд се состои во тоа што е фокусиран кон согледување на предностите или можностите од брзиот разој на технологијата посебно на е-бизнисот од една страна и негативното влијание од зголемената изложеност или застапеност на интернетот како алатка во бизнис работењето. Застапеноста на интернетот во бизнисот значително го менува начинот на водење на бизнисот, создавајќи нови можности за потенцијалните претприемачи.

***Кандидатката е автор на следните научни трудови кои се презентирани на меѓународни конференции:***

34.**Магдинчева-Шопова Марија**, Анѓелкова Тања и Савиќ Симона, *Green entrepreneurship and sustainable development of tourism in the southeast region of the Republic of Macedonia*. In: 26thInternational conference: Ecological truth and environmental research – EcoTER’18, 12-15 June 2018, Bor, Serbia

Зеленото претприемништво претставува посебен тип на современото претприемништво преку кое се овозможува постигнување на одржлив развој. Фокусот на истражување во овој труд е насочен кон истакнување на важноста од промовирање на одржлив еколошки развој и соодветно користење на изворите на енергија, бидејќи енергетската ефикасност и енергетските заштеди се од суштинско значење за заштитата на животната средина и најефикасниот начин за развој на зелената економија.

35. Мицева Магдалена, Шопов Александар и **Магдинчева-Шопова Марија**, *Green jobs-potentials and opportunities in the south-east region of the Republic of Macedonia*. In: ISC GREEN 2018, 17-18.05.2018, Osijek

Предметот на истражување во овој труд е фокусиран на анализирање на ефектите од создавање на зелени работни места во Југоисточниот регион на Република Македонија. Преку теоретскиот пристап е дадено објаснување на основните поими поврзани со зелените работни места и можностите за отворање на зелени работни места, а практичниот дел од трудот обезбедува информации за тоа дали населението во Југоисточниот плански регион на Република Македонија е запознаено со зелените работни места.

36. Јанеска-Илиев Александра, Постолов Кирил и **Магдинчева-Шопова Марија**, *Generational differences in achieving work-life balance*. In: International Scientific Conference Management 2018, 04-05 May 2018, Belgrade, Serbia

Секоја генерација под влијание на надворешните фактори создава заеднички систем на вредности. Постигнувањето рамнотежа помеѓу животот и работата е идеал кој се смета за вистинска бајка. Преку овој труд се согледуваат улогата и значењето на менаџментот односно донесените одлуки од страна на менаџментот во постигнувањето на рамнотежа помеѓу животот и работата, семејството и задницата.

37. **Магдинчева-Шопова Марија**, Бардарова Снежана и Стојановска-Стефанова Анета, *The role of the entrepreneur in managing the professional stress of the employees*. In: Proceedings Book of First International Scientific Conference, Challenges of Tourism and business logistics in the 21st century – ISCTBL 2017, University Goce Delcev-Stip, Gevgelija, Macedonia

Овој труд има за цел да укаже на улогата и влијанието на претприемчот во креирањето и имплементирањето на стратегија за управување со стресот на работа, препознавање и откривање на причините за појава на стресот и намалување на влијанието на стресот кај вработените.

38. **Магдинчева-Шопова Марија**, Постолов Кирил и Еленов Ристо, *The modern entrepreneurship in the process of modern tourism development in the Republic of Macedonia and municipality of Gevgelija*. First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9

Фокусот на истражување на овој труд е насочен кон потврдување на фактот дека современото претприемништво и примената на новите начини на работа, тимската работа, можните начини за финансирање на бизнис процесите претставуваат вистинска можност за развој на туризмот во Општина Гевгелија. Примената на концепот на современо претприемништво иницира развој на малите претпријатија и создава услови за развој на туризмот.

39. Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија** и Јанеска-Илиев Александра, *E-learning in the hands of generation Y and Z*. In: 2nd Business & Entrepreneurial Economics Conference, 24-26 May 2017, Brijuni National park, Republic of Croatia

Цел на истражување во овој труд е да се согледа поврзаноста на генерацијата Y и Z ориентирана кон користење на е-учењето, кое примарно произлегува од карактеристиките и достапноста на информатичата технологија. Иако истражувањето е прилично ново, треба да се забележи дека генерацијата Z е порасната со интернет мрежите, дигиталниот свет и технологијата. Преку анализа на добиените податоци се добива одговор на значајни прашања кои се однесуваат на е-учењето и претставуваат основа за понатамошни истражувања.

40. **Магдинчева-Шопова Марија**, Постолов Кирил, Еленов Ристе и Симона Ѓуревска, *Management and promotion of environmental opportunities in enterprises as a driving force for sustainable economic development*. In: Sustainable growth in small open economies, 26 Oct 2017, Belgrade, Serbia

Основната цел на овој труд е да се согледат можностите кои ги имаат претпријатијата од придобивките од ефективното управување со животната средина, преку намалување на трошоците, ефективни иницијативи за користењето на отпадот и енергијата, имплементација на стандардот ISO 14001 за заштита, чување и унапредување на животната средина, како и зголемување на свесноста и информираноста на граѓаните за рационално искористење на природните и ограничени ресурси.

41. **Магдинчева-Шопова Марија**, Постолов Кирил, Методијески Дејан и Еленов Ристе, *Small enterprises and the development of ecotourism as an opportunity for achieving sustainable economic development - the case of the Republic of Macedonia*. In: Sustainable growth in small open economies, 26 Oct 2017, Belgrade, Serbia

Овој труд дава приказ на реалната состојба од аспект на улогата и влијанието на малите и средни претпријатија во развојот на екотуризмот, како и потврдување на основната хипотеза дека застапеноста на малите и средни претпријатија во секторот на екотуризам претставува развоен концепт кој овозможува постигнување на одржлив економски развој во Република Македонија.

42.**Магдинчева-Шопова Марија**, Савиќ Симона и Вегова Убавка, *Претприемачка иницијатива и развој на здравствениот туризам на подрачјето на Општина Гевгелија, Богданци, и Дојран*. Yearbook - Faculty of Tourism and Business Logistics. pp. 87-95. ISSN 978-608-244-313-3, Штип, 2016

Во рамките на овој труд спроведено е истражување и анализа на постоечките здравствени капацитети и потенцијалните места за развој на здравствениот туризам како конкурентен и профитабилен бизнис. Планирањето на развојот, континуираната обука на

сопствениците на капцитетите и обезбедување на поддршка за развој на туризмот преку партиципација на надлежните институции и општински капацитети претставуваат основа за креирање на одржлив бизнис модел.

43. **Магдинчева-Шопова Марија**, Атанасова Љупка и Митровска Вера, *Претприемачка иницијатива за зголемување на туристичката понуда во општина Гевгелија*. Yearbook - Faculty of Tourism and Business Logistics. ISSN 978-608-244-313-3, Штип, 2016

Во овој труд е даден приказ и е направена анализа на можните потенцијали, расположливи туристички капацитети на подрачјето на Општина Гевгелија, при што се потврдува фактот дека со примена на иновативни претприемнички иницијативи, претпријатијата кои работат во овој сектор претставуваат основа за развој на туризмот во Општина Гевгелија.

44. **Магдинчева-Шопова Марија** и Мицева Магдалена, *Состојби и можности за развој на малиот бизнис во Општина Гевгелија*. Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија, 28 May 2016, Stip, Macedonia

Предмет на истражување во овој труд претставува идентификувањето на состојбата од аспект на застапеноста на малите претпријатија и можностите за развој на малиот бизнис на подрачјето на Општина Гевгелија. Во трудот е даден приказ на состојбата од аспект на застапеноста на малите претпријатија во вкупниот број на деловните претпријатија во Општина Гевгелија по број, видови и дејности.

45. Постолов Кирил, Пулевска-Ивановска Лидија и **Магдинчева-Шопова Марија**, *Adult employee training in a changing organization*. In: Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management, 19 May 2016, Palić, R.Serbia

Основниот предмет на истражување во овој труд е насочен кон согледување на начините, процесот на организирање на обука за возрасни во организации кои се менуваат, како и методите на обука за оваа група на вработени. Во трудот се прикажани и анализирани методите на обука на вработените и тоа традиционалните методи и методите засновани на современа технологија. Врз основа на детални теоретски истражувања, во трудот е направен избор на најсоодветните методи за обука за оваа група вработени.

46. **Магдинчева-Шопова Марија**, Петроска Ангеловска Неда и Марија Ацковска, *The Stress Management as a entrepreneurial strategy for increasing of the competitive advantage of the companies*. In: International conference "Challenges of Contemporary Society". Institute for Sociological, Political and Juridical Research, 12 Nov 2015, Skopje, Macedonia

Во овој труд е даден приказ на основните карактеристики и влијанието на стресот во работата, можните начини за идентификување на причините за стресот и влијанието на работната продуктивност и ефикасноста. Врз основа на детално истражување, преку трудот се потврдува хипотезата дека вработените претставуваат развојна сила на претпријатијата, а примената на соодветна стратегија за управување со стресот овозможува зголемување на конкурентската предност.

47. **Магдинчева-Шопова Марија**, Ангелкова Тања и Калеников Александар, *Implementation of corporate entrepreneurship as a means of boosting operation of enterprises in the tourism sector in the Republic of Macedonia*. In: International conference, Challenges of contemporary society, Skopje, 12-13 Nov 2015, Skopje, Macedonia

Теоретскиот дел од трудот е фокусиран кон анализа и објаснување на основите на корпоративното претприемништво, преку постојано воведување на нови форми на работа, поттикнување на тимската работа и претприемничкиот концепт на однесување на претпријатијата. Во практичниот дел од трудот е спроведено истражување со цел добивање на реални информации за познавањето и примената на концептот на корпоративно претприемништво како средство за унапредување на работата на претпријатијата во областа на туризмот.

48. **Магдинчева-Шопова Марија**, Постолов Кирил, Пулевска-Ивановска Лидија, Јосимовски Сашо и Јошески Душко, *Corporate entrepreneurship and increasing competitiveness with specific reference to the enterprises in R.Macedonia*. In: International scientific conferences Chalenges in business and economics: Growth, Competitevness and Innovations, 15-16. Преку теоретскиот и практичен аспект на овој труд се поврзува примената на корпоративно

претприемништво со зголемувањето на конкурентската предност на претпријатијата. Врз основа на добиените резултати од истражувањето, со примена на методот АНОВА, се согледува зголемувањето на конкурентската предност на претпријатијата во зависност од интензитетот на инвестициите.

49. Нако Ташков, Ангелкова Тања, **Магдинчева-Шопова Марија** и Методијески Дејан, *Opportunities for development of tourism and small enterprises in Dojran municipality in Macedonia*. SITCON 2015 - Singidunum International Tourism Conference. pp. 88-92. ISSN 978-86-7912-615-3

Туризмот претставува основна област за развој на Општина Дојран. Преку спроведената анализа за состојбата од аспект на застапеноста на малите претпријатија во областа на туризмот, како и анализа на структурата на работоспособното население, во овој труд се дадени насоки за искористување на силните страни, како и насоки за намалување на влијанието на слабите страни односно недостатоци.

50. **Магдинчева-Шопова Марија**, Ангелкова Тања и Постолов Кирил*, Role of the entrepreneur, owner of the company in motivating the employees in the tourist sector. Naučno stručna konferencija - ERAZ 2015, Održivi ekonomski razvoj - savremeni i multidisciplinarni pristupi. pp. 601-607. ISSN 978-86-80194-01-1*

Предметот на истражување во овој труд е насочен кон истакнување на важноста на човечките ресурси за успешно работење на претпријатијата. Врз основа на теоретското истражување, во трудот е даден приказ на реалната состојба и согледана важноста на човечките ресурси за економската одржливот на претпријатието, посебно истакнувајќи ја важноста и улогата на претприемчот во мотивирањето на вработените.

51**.** Котески Цане, Јошески Душко и **Магдинчева-Шопова Марија**, *Tobin's q and R&D investment in CESEE countries*. In: SMEs Development and innovation building competititve future of Southeastern Europe, 3-4 Oct 2014, Ohrid, Macedonia

Предметот на истражување во овој труд е насочен кон согледување на соодносот на пазарната вредност (пазарната капитализација на котираните компании со исклучок на инвестициски компании и инвестициски фондови) и замена на вредноста на капиталот во CESEE земјите.

52. **Магдинчева-Шопова Марија**, Марија Ацковска и Петроска-Ангеловска Неда, *Претприемничка иницијатива, претприемништвото и малите претпријатија во Република Македонија*. Општествените промени во глобалниот свет, Прва меѓународна научна конференција, 11-13 Sept 2014, Штип, Република Македонија

Основна цел на овој труд е истакнување на важноста на претприемничката иницијатива како основа за започнување со мал бизнис, како и анализа на начините преку кои може да се започне со мал бизнис. Преку детална теоретска анализа и спроведеното практично истражување, добиени се информации за причините и можните начини за започнување со претприемничка дејност.

***Кандидатката е автор на следните позитивно рецензирани стручни книги:***

53. **Магдинчева-Шопова Марија** (2014), *Претприемачот на 21 век*. Печатница „Софија" - Богданци. ISBN 978-9989-736-93-3, рецензент проф. д-р Кирил Постолов.

54. **Магдинчева-Шопова Марија** (2015), *Менаџмент во спортот*. Печатница „2-ри Август", Stip. ISBN 978-608-4662-56-3, рецензент проф. д-р Кирил Постолов.

***Кандидатката е автор на следните меѓународни публикации:***

55. **Магдинчева-Шопова Марија** (2014), *Entrepreneur of the 21st century*. OmniScriptum GmbH & Co. KG.. ISBN 978-3-659-61862-8.

56. **Магдинчева-Шопова Марија** и Постолов Кирил (2015), *Establishment of the entrepreneurial entreprises*. LAP Lambert Academic Publishing. ISBN 978-3-659-82048-9.

57.**Магдинчева-Шопова Марија** и Постолов Кирил (2015), *The entrepreneurs influence in employee motivation in small firms*. LAP Lambert Academic Publishing. ISBN 978-3-659-78071.

58. **Магдинчева-Шопова Марија** и Постолов Кирил (2016), *Modern entrepreneurship*. In: Modern entrepreneurship. Lap Lambert Academic Publishing, pp.1-53. ISBN 978-3-659-94758-2.

59. **Магдинчева-Шопова Марија**, Бошков Татјана и Мицева Магдалена (2018), *Strategic management in financial institutions*. LAP Lambert Academic Publishing. ISBN 978-613-9-86755-4.

***Кандидатот е автор на следните стручни публикации:***

60. Димитров Никола, **Магдинчева-Шопова Марија**, Ангелкова Тања, Јаковлев Златко, Котески Цане, Душко Јошески и Мицева Магдалена (2017), *Водич, Културно наследство на Општина Гевгелија*. Project Report. Општина Гевгелија, Гевгелија.

61. Котески Цане, Димитров Никола, Јаковлев Златко, Апостолов Мичо, **Магдинчева-Шопова Марија**, Душко Јошески и Намичев Петар (2018), *Каталог за научниот проект: Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река*. Project Report. Univerzitet Goce Delcev - Stip, Stip- Macedonia.

***Во меѓуизборниот период кандидатката била кординатор и учесник во следните проекти:***

62. Димитров Никола, **Магдинчева-Шопова Марија**, Ангелкова Тања, Јаковлев Златко, Котески Цане, Душко Јошески, Шутаров Васко и Мицева Магдалена (2017), *Иновативен пристап во развојот на културниот туризам во Општина Гевгелија преку културното наследство, настаните и субјектите* (координатор на проект), кофинансиран од Општина Гевгелија.

63. Котески Цане, Димитров Никола, Јаковлев Златко, Апостолов Мичо, Драчко Атанасоски **Магдинчева-Шопова Марија**, Темелков Зоран, Душко Јошески, Митева Колевска Наташа и Серафимова Мимоза (2017), *Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река* (универзитетски проект).

64. **Магдинчева-Шопова Марија,** Димитров Никола: Децата во улога на туристи и туристи-претприемачи (2016) - Ајде да бидеме туристи, кординатор на проект, кофинансиран од страна на Министерството за економија на Република Македонија.

***Во периодот до избор на доцент кандидатката е автор или коавтор на следните публикации:***

65. **Марија Магдинчева-Шопова**, „Услови за предузетничку активност", ES_NBE 2011 Kosovska Mitrovica, Меѓународна конференција „Економска наука во креирање на нов деловен амбиент", Економски факултет – Приштина.

66. **Марија Магдинчева-Шопова**, "Production and distribution of organic food-opportunity for development of rural areas in Macedonia", Економски факултет Осиек, Меѓународна конференција „Пословна логистика у сувременом менаџменту'', октомври 2011 г.

67. **Марија Магдинчева-Шопова**, Кирил Постолов: „Конкурентност на малите претпријатија во услови на изразени глобализациски процеси", Економски факултет - Штип, Меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии, септември 2012 г.

68. **Марија Магдинчева-Шопова**, Кирил Постолов: „Бизнис процес реинженеринг", Економски институт - Скопје, Научна конференција „Предизвици на науката во економијата базирана на знаење-состојби и перспектива", мај 2012 г.

69. **Марија Магдинчева-Шопова**, „Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион", Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Научно-стручна трибина „Туризмот во Дојранскиот регион", април 2012 г.

70. Снежана Бардарова, **Марија Магдинчева-Шопова**: „Мотивација на вработените во малите претпријатија", Втора меѓународна научна конференција Современите менаџерски предизвици и организациски науки, БАС институт за менаџмент Битола, септември 2013 г.

71. Душко Јошевски, **Марија Магдинчева-Шопова**, Market value of firms and R&D investment: Theoretical overview and empirical estimation for the panel of countries, International Journal of Business Management and Administration, Vol.2(3), pp.055-063, March 2013 ISSN 2327-3100, 2013 Academe Research Journals.

72. Душко Јошевски, **Марија Магдинчева-Шопова**, Applied economic model for an innovation growth, Europeen scentice ISSN 1857-7881 (за печатено издание), ISSN : 1857-7431 (за онлајн издание).

73. **Марија Магдинчева-Шопова**, стручна книга *"Општи услови и начини за започнување со претприемничка активност"*, јануари 2012 г., Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, ISBN 978-9989-736-85-8.

74. **Марија Магдинчева-Шопова**, стручна книга *„Мотивирање на вработени во мали претпријатија"*, февруари 2012 г., Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје. ISBN 978-9989-736-86-5.

75. **Марија Магдинчева-Шопова**, стручна книга „Менаџмент на организациска култура", март 2012, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, ISBN 978-9989-736-87-2.

Од приложената документација може да се заклучи дека кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова ги стекна титие теоретски сознанија ги применува во научноистражувачката дејност и е автор или коавтор на поголем број наслови публикувани во научни списанија, публикации и монографии.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова, вработена како универзитетски доцент по организациони науки и управување (менаџмент) активно се ангажира и учествува во реализирање на наставата, праксата и вонннаставните активности на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Од 2015 година, од кога е назначена за раководител на Наставниот центар Гевгелија, активно учествува во планирањето и реализирањето на наставните активности и учествува во организација и координација на активности во Наставниот центар во Гевгелија (Одлука број 2102-479/7 од 2.10.2015). Од 2017 година кандидатката е назначен за координатор на Етнокатчето кое е формирано во рамки на Факултетот за туризам и бизнис логистика, како збирка на етно предмети (Одлука бр.2102-218/17 од 26.4.2017). Кандидатката е претседател на Комисија за провера на студенско досие во Гевгелија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (Одлука бр.2102-507/7 од 10.11.2016) и член во комисиите за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии во Гевгелија, во учебната 2014/2015 година (Одлука бр.2602-890/13 од 8.8.2014), 2015/2016 година (Одлука бр.2102-286/13 од 20.5.2015), 2016/2017 година (Одлука бр.2102-183/7 од 25.4.2016), 2017/2018 година (Одлука бр.2102-279/10 од 22.5.2017) и 2018/2019 година (Одлука бр.2102-246/8 од 30.5.2018). Кандидатката е член на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика за зимски и летен семестар од учебната 2014/2015 година до 2018/2019 година.

Кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова е координатор за организирање на традиционалната изложба „Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот" одржана во 2016 година (Одлука бр. 2102-157/5 од 6.4.2016 г.), член на Организациски одбор за организирање на изложбата во 2017 година (Одлука бр.2102-118/13 од 21.3.2017 г.) и за организирање на Јубилејната 10-та изложба одржана во 2018 година (Одлука бр. 2102-159/28 од 21.3.2018 г.).

Врз основа на лиценцата за вештачење од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење, видно од списокот за изготвени експертизи, кандидатот има изготвено околу 90-тина стручни мислења и експертизи. Член е на Организацискиот одбор за организирање на научната конференција на тема „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", одржана на 27.5.2017 година во Штип. (Одлука бр.2102-254/7 од 10.5.2017 г.) Член е на програмскиот и организацискиот одбор на Првата меѓународна научна конференција „Предизвици во туризмот и бизнис логистиката во 21 век", одржана во октомври 2017 година во Гевгелија.

Кандидатката учествува во организирање и реализација на теренска настава и активно учествува во организација и извршување на практичната настава, координација со претпријатијата во кои се реализира практичната настава, а во текот на 2016 година има остварено студиското патување во прекуграничниот регион - Република Грција, во рамки

на проектот „Вмрежување на мали и средни претпријатија од креативната индустрија во прекуграничниот регион”.

Кандидатката била учесник на голем број научни собири, конференции, сипмозиуми, работилници и конгреси во меѓународна и домашна организација, потврдено со соодветна документација, од кои може да се издвојат следните: Сертификат за учество на конференција „Конкурентност на малите претпријатија во услови на изразени глобализациски процеси”, Економски факултет - Штип, Меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (септември 2012); Сертификат за учество на конференција “International conference on Innovations in Science and Education” (Прага, 23-25 март 2016 година); Сертификат за учество на конференција “Strategic Management and Decisions Support Systems in Strategic Management”, Палиќ, Суботица (мај 2016 година); Сертификат за учество на конференција: Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија (28 мај 2016, Штип, Македонија); Сертификат за учество на конференција ERAZ 2015, Одржлив економски развој, Белград (јуни 2015); Сертификат за учество на конференција International scientific conference Research in physical education, sport andn health (3-5 јуни 2016, Скопје); Сертификат за учество на конференција IBANESS (октомври 2016, Прилеп); Сертификат за учество на 10-тиот Меѓународен конгрес за туризам и хотелиерство (Будва, мај 2017 година), Сертификат за учество на првата студенска меѓународна конференција и работилница „Култура, вино и гастрономија“ (ноември 2016 год., Скопје); Сертификат за учество на конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија“ (28 мај 2017, Штип, Македонија).

Благодарница за учество во Комисијата за оцена на натпреварувачите на Вториот студенски натпревар за гастрономија, ресторанско работење и туристички дестинации (Штип, 2017); Сертификат за учество на Втората студенска меѓународна конференција и работилница „Брендирање на мали туристички дестинации и настани“ (октомври 2017 година); Сертификат за учество на четвртиот Меѓународен симпозиум за сметководство и финансии –I SAF 2017 (Охрид, јули 2017 година); Сертификат за учество на Првата меѓународна конференција Предизвици на туризмот и бизнис логистиката на 21 век (Гевгелија, октомври 2017 година); Сертификат за учество на 15-та Меѓународната конференција, Знаењето во практика (Банско, декември 2017); Сертификат за учество на 16-та Меѓународната конференција „Знаење без граници“ (Врњачка Бања, март 2018); Сертификат за учество на Третата меѓународна конференција ФИЛКО (април 2018 година, Штип); Сертификат за учество на 17-та Меѓународната конференција „Професор на иднината“ (Будва, мај 2018); Сертификат за учество на 26-та Меѓународната конференција „Ecological truth and environmental research“ (Бор, Р.Србија, јуни 2018); Сертификат за учество на третата Меѓународната конференција „Туризмот во функција на развојот на Република Србија“ (Врњачка Бања, јуни 2018); Сертификат за учество на 6-тата Меѓународна конференција „Современото работење во функција на развој на националната економија“ (Бијељина, јуни 2018) и Сертификат за учество на 18-та Меѓународната конференција „Моќта на знаењето“ (Агиа Триада, Република Грција, септември 2018).

Погоренаведените активности претставуваат потврда за тоа дека кандидатката поседува изразена способност во реализирањето на сите активности поврзани со високообразовната дејност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и деталното разгледување на доставената докуменатација пропишана во објавениот јавен конкурс, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката доцент д-р Марија Магдинчева-Шопова ги има целосно остварено предвидените критериуми и надминато минимумот кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-апликативната и организациско- развојна дејност за избор во вонреден професор. Врз основа на досегашната работа и позитивната оценка од самоевалуацијата, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека д-р Марија Магдинчева-Шопова има извонредно голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојна дејност.

Во согласност со претходно изнесеното, Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, **кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор од наставно-научната област претприемништво и економика на претпријатија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Моника Марковска, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Божидар Миленковски, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Мичо Апостолов, вонреден професор, член, с.р.**

**Табела на активности кои се бодуваат при избор во звање на д-р Марија Магдинчева-Шопова**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избрана во звање асистент | 15 | | | | 15 |
| 2. | Избрана во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | ВКУПНО | 45 | | | | **45** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | **227** |
| 1. | Монографија или научна книга во земјава<br>Реф.бр. 53 и 54<br>Монографија или научна книга во странство<br>Реф.бр. 55 | 2 | 10 | 1 | 15 | 20<br>15 |
| 2. | Дел од монографија или научна книга во земјата<br>Реф.бр.60 и 61<br>Дел од монографија или научна книга во странство<br>Реф.бр. 56,57,58 и 59, | 2 | 6 | 4 | 10 | 12<br>40 |
| 3. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор)<br>Реф.бр.5,8,9,10,12,14,21,23,24,26<br>Научен труд објавен во меѓународно научно списание(втор автор)<br>Реф.бр.6,7,13,15,18,19,27,28,30,31,32<br>Научен труд објавен во меѓународно научно списание(останати автори)<br>Реф.бр.11,20,29,33 | | | 10<br>11<br>3 | 5<br>3<br>2 | 50<br>33<br>6 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир( во земјава)<br>Реф.бр.16,17,<br>Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир (во странство)<br>Реф.бр.25 | 2 | 2 | 1 | 3 | 4<br>3 |
| 5. | Учество на научен собир со реферат (усно)<br>Реф.бр.42,43<br>Учество на научен собир со реферат (усно) во странство<br>Реф.бр.34,35,36,37,38,39,40,41,45,46,47,48,49,50,51,52 | 2 | 1,5 | 16 | 2 | 3<br>32 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **7.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Учесник во научен проект | 3 | 2 | | | **6** |
| **2.** | Член на организациски одбор на научен собир | 2 | 1 | | | **2** |
| **3.** | Член на факултетски орган -комисија | 10 | 2 | | | **20** |
| **4.** | Член на институтски орган | 2 | 2 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **32** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **304** |